# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АГЕНЦИИТЕ ЗА ПРИВРЕМЕНИ ВРАБОТУВАЊА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.98 од 15.06.2015 година**

### Член 1

Во Законот за агенциите за привремени вработувања („Службен весник на Република Македонија" број 49/2006, 102/2008, 145/10 136/11, 13/13 и 38/14), во членот 3-а став 1 по точката 3 се додава нова точка 4., која гласи:

4. „Краткотрајно вработување" е вработување врз основа на договор за вработување на привремен агенциски работник од страна на Агенцијата за привремено вработување за времетраење најмногу до 90 работни часа во текот на месецот.

Точките 4, 5 и 6 стануваат точки 5, 6 и 7.

### Член 2

Во член 4 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Агенцијата за привремени вработувања може врз основа на договор за отстапување на работник меѓу агенцијата и друг работодавач, да отстапи работник на друг работодавач корисник и во случаите од ставот 1 на овој член за краткотрајно вработување."

Ставовите 2 и 3 од овој член стануваат ставови 3 и 4.

### Член 3

Во членот 11-а став 1 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и за вработените во Агенцијата за привремени вработувања поединечно."

### Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".